РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Јавна Установа Меѓуопштински Центар
за социјална работа
Бр. 04-1035/1
23.11.2023 год.
СВЕТИ НИКОЛЕ

Вд.Директорот на ЈУ "Меѓуопштински центар за социјална работа"-Свети Николе,постапувајќи согласно член 212 став 1 и 5 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ број 104/2019,146/2019,275/2019,302/2020,311/20,163/2021,294/21,99/2022,236/22 и 65/2023 година), а во врска со потребата од пополнување на слободни работни места по пат на унапредување за даватели на јавни услуги во ЈУ" Меѓуопштински центар за социјална работа"- Свети Николе ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за пополнување на слободно работно место со унапредување по пат на објавување на интерен оглас

ЈУ " Меѓуопштински центар за социјална работа" – Свети Николе има потреба од унапредување на **( 1 )извршител,** давател на јавни услуга во Службата за права од парична помош за општина Свети Николе и Лозово,заради пополнување на слободно работно место Водител на случај - дипл.соц. работник во ЈУ "Меѓуопштински центар за социјална работа"-Свети Николе.
Пополнувањето на слободното работно место ќе се изврши преку унапредување на еден ( 1 ) извршител на неопределено работно време по пат на објавување на интерен оглас.

При постапката за унапредување на давателите на јавна услуга во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Свети Николе, ќе се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република Северна Македонија, односно во единиците на локална самоуправа, без да се нарушат критериумите на стручност и компетентност.

Потребата од унапредување на неопределено време на давател на јавна услуга водител на случај – дипл.соц. работник при ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Свети Николе, ќе се обезбеди со објавување на интерен оглас на Огласната табла на Установата и на интернет страната на ЈУМ НЦСР Свети Николе.

Одлуката ќе се применува од денот на нејзиното донесување.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Вд. Директорот на ЈУ "Меѓуопштински центар за социјална работа" – Свети Николе, постапувајќи согласно своите надлежности и ингеренции утврдени во Законот за социјална заштита и во Статутот на ЈУ "Меѓуопштински центар за социјална работа" – Свети Николе, како и по добиена согласност за обезбедување на финасиски средства за унапредување на неопределено време од Министерство за финансии, заведена под бр. 18-8686/2 од 18.08.2023 за унапредување на водител на случај дипл.соц. работник во Службата за права од парична помош , а со оглед на потребата од унапредување на неопределено време на еден 1 извршител давател на јавна услуга заради пополнување на слободни работни места во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Свети Николе, донесе одлука како во диспозитивот.

Решението да се достави до:
-досие за евиденција
-сметководство

ЈУ" Меѓуопштински центар за социјална работа"-
Свети Николе
Вд. Директор
Наташа Горчев